**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 06.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6238 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио – Трет програмски сервис;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 до 30 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
     *„(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
     *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање."*
   - **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
     *„(1) Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
     *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
     *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања."*
   - **Член 75-б од Изборниот законик**
     *„Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на*

*распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

- **Член 76-а, ставови 2, 3, 4 и 11 од Изборниот законик**

  (2) *„За време на изборната кампања, Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија;*

  (3) *„Времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување";*

  (4) *„Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди редовно информирање за изборниот процес и за лицата со оштетен слух".*

  (11) *„Од денот на распишување на изборите до изборниот молк Јавниот радиодифузен сервис е должен да организира дебатни емисии, односно соочувања на најголемите политички партии од власта и опозицијата, како и на останатите учесници во изборниот процес".*

## 6. Констатации од надзорот:

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Од 21 до 30 ноември, низ десетте мониторирани изданија на радио-дневникот од 16 часот, за анализа се селектирани – 4 часа 50 минути 18 секунди.

Појдовна основа за пресметките дали информативната редакција на Третиот програмски сервис на Македонското радио во првите десет дена од изборната кампања се придржуваше до принципот на рамномерна распределба на информативното време во дневно-информативните емисии, беше членот 76-а, став 2 од Изборниот законик, што пропишува дека:

- *За време на изборната кампања Јавниот радиодифузен сервис е должен да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма при што 30% од времето емитува за дневните настани од земјата и светот, 30% од времето за активностите на политичките партии на власт, 30% од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10% од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието на Република Македонија;*

Според податоците од мониторингот, структурата на вестите во првите 10 дена од изборната кампања изгледа вака:

- Активности од кампањите на политичките партии на власт – 31%;
- Активности од кампањите на политичките партии во опозиција – 27%;
- Дневни настани од земјата и од светот – 30%;
- Активности од кампањите на политичките партии што не се во Собранието – 12%;

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| МРА - албански јазик | | |
|---|---|---|
| **Тема** | **Траење** | **Процент** |
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 01:05:08 | 72,04 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:25:17 | 27,96 % |
| **Вкупно за тема:** | **01:30:25** | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:32:33 | 40,70 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:04:20 | 5,42 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:43:05 | 53,88 % |
| **Вкупно за тема:** | **01:19:58** | 100 % |
| **Дневни настани од земјата и светот** | | |
| ДИК и други органи | 00:03:11 | 3,70 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:10:36 | 12,31 % |
| Влада на РМ | 00:06:52 | 7,98 % |
| Други субјекти | 00:19:33 | 22,71 % |
| Вести од светот | 00:23:55 | 27,78 % |
| Без субјекти | 00:03:11 | 3,70 % |
| Граѓански сектор | 00:04:25 | 5,13 % |
| Судство | 00:03:03 | 3,54 % |
| Локална самоуправа | 00:01:20 | 1,55 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:24 | 5,11 % |
| Специјално обвинителство | 00:03:19 | 3,85 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:22 | 0,43 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:55 | 2,23 % |
| **Вкупно за тема:** | **01:26:06** | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии кои не се во Собранието** | | |
| Левица | 00:00:34 | 1,68 % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:10:16 | 30,36 % |
| Беса | 00:10:50 | 32,04 % |
| Либерална партија | 00:02:57 | 8,72 % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:03:48 | 11,24 % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:05:24 | 15,97 % |
| **Вкупно за тема:** | **00:33:49** | 100 % |
| **Вкупно:** | **04:50:18** | |

Дополнително, Изборниот законик пропишува дека „времето за информирање за активностите на кампањата на политичките партии ќе биде распределено согласно со принципите на избалансирано известување", односно во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи со кандидати. Податоците од мониторингот говорат дека времето за активностите на учесниците во

изборниот процес, и во делот одвоен за кампањите на политичките партии од власта, и во делот за активностите на опозицијата, како и во делот за кампањите на партиите што не се застапени во Собранието на Република Македонија, не е распределено пропорционално според бројот на потврдени листи со кандидати.

Треба да се напомене дека разликата во времето одвоено за двата учесника во изборниот процес во 30% наменети за информирање за активностите на политичките партии од власта, во прилог на ДУИ, делумно се должи и на тоа што ДУИ, освен митинзите и другите видови формален изборен настап пред гласачкото тело, во овој извештаен период, организираше и настани поврзани со свеченостите по повод Денот на албанската азбука и по повод Денот на албанската независност, па оттаму има и најмногу време за (тонски) цитати (Табела 2).

*Табела 2 - Директни обраќања на субјектите*

| МРА - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:01:48 | 1,50 | % |
| Влада на РМ | 00:01:08 | 0,94 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:45:53 | 38,11 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:05:38 | 4,68 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:14:49 | 12,31 | % |
| Коалиција ВМРО за Македонија | 00:00:48 | 0,66 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:40 | 1,38 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:27:06 | 22,51 | % |
| ПДП - Партија за демократски просперитет | 00:02:01 | 1,68 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:10:51 | 9,01 | % |
| Беса | 00:06:00 | 4,98 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:09 | 0,96 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:00:38 | 0,53 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:00:54 | 0,75 | % |
| **Вкупно:** | **02:00:23** | **100** | % |

И покрај строгите математички правила за структурата на дневно-информативната програма во време на изборни процеси, Третиот програмски сервис во радио-весникот од 16 часот ја задржа карактеристичната уредувачка практика - да известува за широк опфат - актуелни настани и случувања поврзани со граѓански теми, вклопени во организирани демократски иницијативи и заложби на домашниот невладин сектор и на претставниците на меѓународната заедница (*повикот на американскиот амбасадор Бејли и на делегација од Советот на Европа за спроведување фер и демократска изборна процедура; мониторинг на изборниот процес и забелешки за нерегуларности од невладините МОСТ и „Цивил"; извештаите на Светската банка за потенцијалните економски ризици од висината на јавниот долг; протестите на Синдикатот на вработените во „Југохром"; меѓународната конференција во Скопје, за потенцијалите на обновливите извори на енергија; Декларацијата против насилството врз жените – иницијатива на националната мрежа против насилството врз жените, потпишана од 19 политички партии; пулмолошки совети против аерозагадувањето;*).

Значајно место во радио-весникот добија прилозите за настаните и за свеченостите поврзани со прославите на „22 Ноември – Денот на албанската азбука" и на „28 Ноември – Денот на албанската независност" (*претседателот на Косово – Тачи, во Скопје додели 118 награди за граѓани заслужни за развојот на самостојна Република Косово; научна конференција на Универзитетот „Мајка Тереза" и*

*културно-образовни активности на Институтот за духовно и културно наследство на Албанците, по повод Денот на албанската азбука; извештај за потребите да се подобри изучувањето на албанскиот јазик во велешката гимназија „Гоце Делчев";).*

Од работата на државните органи, на локалната самоуправа и на министерствата, најзабележителни беа прилозите за: завршните организациски работи на ДИК околу изборната процедура; известувањата и препораките на Град Скопје за аерозагадувањето; организациски информации за „Денот на дрвото", дадени од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство; официјални известувања за санации на училиштата „Лирија" и „Имри Елези" по серијата земјотреси во Скопје и скопско; соработка на Министерството за образование и Фондацијата „Чекор по чекор" поддржана од УСАИД, околу акцијата насловена - „Со читање до лидерство".

Во десетдневниот период на мониторингот, евидентирани се два новинарски осврта – за значењето на „28 Ноември – Денот на албанската независност", и за нужноста од детски градинки во Битола што би работеле на албански јазик.

## *Посебни информативни емисии*

### *Дебата*

На 25 ноември, преземена е дебата од МРТ2, одржана во рамките на емисијата „Аргумент", а во која за различни аспекти од предизборието дебатираа: Арбр Адеми од ДУИ, Бардул Дауит од ДПА, и аналитичарот Алберт Муслиу.

***Сектор за програмски работи***